## Известување за концентрација со која лицето К.П. од Република Грција ќе стекне самостојна директна контрола над СИВЕЦ ИНВЕТСМЕНТС ЛТД од Кипар

## (предмет бр. 08-132 од 2023 година)

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 30.08.2023 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација кое се однесува на стекнување на самостојна директна контрола од страна на лицето К.П. од Република Грција над СИВЕЦ ИНВЕТСМЕНТС ЛТД со регистрирано седиште на адреса Ифигенеиас 31, Јоана Тауер, 6-ти кат, канцеларија 601, 2007, Строволос, 2083, Никозија, Кипар.

-**Лицето К.П.** има големо искуство во инвестирање во мали и средни трговски друштва кои дејствуваат во секторот на природните ресурси, енергетиката и минералните суровини. Пред реализацијата на трансакцијата не е директно ниту индиректно присутен на македонскиот пазар и истиот нема зависни друштва на ниту еден друг пазар. Лицето К.П. пред трансакцијата не поседува капитал во целното друштво.

-**СИВЕЦ ИНВЕТСМЕНТС ЛТД** е формирано како холдинг друштво чиишто друштва-ќерки се фокусирани на деловни активности од областа на минералните суровини. СИВЕЦ ИНВЕТСМЕНТС ЛТД е дел од ЕЦМ Групацијата, каде како владејачко (холдинг) друштво се јавува друштвото ЕЦМ Партнерс Инц., друштво регистрирано во согласност со законите на Република Словенија. ЕЦМ Партнерс Инц. е институционално инвестициско друштво кое се занимава со инвестициски менаџмент, управување со фондови и управување со инвестициски ризици, и е еден од првите и најголемите учесници на овој пазар на територијата на Централна и Југоисточна Европа.

СИВЕЦ ИНВЕТСМЕНТС ЛТД, односно друштвата од неговата групација, се занимаваат со експлоатација, производство и продажба на мермер (доминантно бел), гранит и кварц. Целното друштво (преку поврзаните друштва) има под концесија рудници во Северна Грција, но и во Северна Македонија (Прилеп), Албанија (Скрапар) и Бугарија (Враца). Целното друштво како Групација произведува повеќе од 300.000 тони мермерни блокови годишно. Во своите производствени капацитети, друштвата од Групацијата на Целното друштво процесираат мермерни и гранитни блокови во готови и полу-готови производи, како што се столбови, плочки и сл. Продажбата на непроцесирани блокови учествува со околу 80%, додека процесираниот природен камен учествува со околу 20% од продажбата на Групацијата на Целното друштво. Во последните години, во групацијата на Целното друштво се изврши диверзификација на своите активности преку формирање на дизвизија која се занимава со производство на енергија од обновливи извори. Вкупниот капацитет за производство на оваа дивизија се проценува на 80 MW, а истата учествува со околу 7% од приходите на Целното друштво како Групација.

Пред спроведување на планираната концентрација СИВЕЦ ИНВЕТСМЕНТС ЛТД, е целосно контролирано од трговското друштво Аристон Ассетс Манагемент ЛТД., регистрирано во Република Словенија. Со предметната трансакција, лицето К.П. ќе стекне 100% од акциите во СИВЕЦ ИНВЕТСМЕНТС ЛТД., со што ќе остварува самостојна директна контрола над истото.

СИВЕЦ ИНВЕТСМЕНТС ЛТД е индиректно присутно на македонскиот пазар, и тоа преку:

-**Акционерското друштво за производство, преработка, трговија и монтажа на украсен камен МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ АД Прилеп**, со седиште на ул. Леце Котески бр. 60А во Прилеп, со приоритента дејност– вадење на декоративен камен и камен за градежништвото, варовник, сув гипс, креда и шкрилци.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

05.09.2023 година

Скопје